PRO agens**** ®

Професионална Едукација



Советување / КПУ Обука, бр. 2/2025 - 16/8 часа!

- On line термини:

26 и 27 мај 2025 година
понеделник-вторник

30 и 31 мај 2025 година
петок-сабота

ЗАДОЛЖИТЕЛНО!

Обуката ќе се одвива on-line преку zoom апликацијата, со почеток од 10 часот.

П Р О Г Р А М А

ЗА **ДВОДНЕВНА КПУ ОБУКА** ЗА ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ И СМЕТКОВОДИТЕЛИ (**16 КПУ ЧАСА**), БРОЈ **2/2025**

ПРВ ДЕН

Тајминг	Т Е М И	Предавачи и број на КПУ часови
ЕТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ		**1,5 КПУ час**
Од 10:00 до 11:00 (траење: 60 минути)	**ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ: ПРОМЕНИ ВО РЕЖИМОТ НА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛОТ И ОВЛАСТЕНИОТ СМЕТКОВОДИТЕЛ** • Превенирање на несоодветното однесување на сметководител / овластен сметководител преку КПУ, советување, соработка • Професионалниот интегритет на вршителот на сметководствени работи, гарант за дисциплинска одговорност од највисок степен • Начелото на законитост, невиност и право на одбрана • Видови на дисциплински повреди и на дисциплински мерки • Времено и трајно бришење од регистарот на сметководители / овластени сметководители • Критериуми за избор на дисциплинска мерка • Дисциплински орган • Субјекти овластени за поведување дисциплинска постапка • Тек на дисциплинската постапка • Дисциплински одлуки и нивното извршување • Жалба до Министерството за финансии • Застареност на поведување на дисциплинска постапка	Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ **1,5 КПУ час**

СМЕТКОВОДСТВО, МСС, МСФИ, ФИНАНСИИ, ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА И СО НИВ ПОВРЗАНИ ЗНАЕЊА		2,5 КПУ часови
Од 11:00 до 12:20 (траење: 80 минути)	**2025: ТРАНЗИЦИЈА НА ОСНОВАТА ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ПРАКСА - МИКРО И МАЛИ СУБЈЕКТИ VS СРЕДНИ И ГОЛЕМИ СУБЈЕКТИ** **Разлики во признавање на приходите: Оддел 23 од МСФИ за МСС и МСФИ 15** • Приход Vs Пари: Кога навистина се признава приходот ? • Економика на дисконтирањето: Потреба или обврска • 5 чекори на МСФИ 15-Дали важат и за микро и малите субјекти ? • Аванси, делумни испораки и договори со повеќе елементи • Последици од неточно признавање на приходите • Каде најчесто се греши при признавањето на приходите - поуки **Разлики во евиденцијата на наемите: Оддел 20 од МСФИ за МСС и МСФИ 16** • Евиденција кај Наемателот и кај Наемодавателот - посебности кај микро и мали субјекти Vs средни и големи субјекти • Средни и големи субјекти: Наемот како нетековно средство или како право на користење - right-of-use asset ? • Микро и мали субјекти Vs средни и големи субјекти - Разлики во економиката и евиденцијата кај оперативниот наем (закуп) • Почетно и последователно мерење на компонентите на наемот • Подзакуп • Продажба и повратен наем	М-р Павле ГАЦОВ **2 КПУ часа**
Од 12:20 до 12:40 (траење: 20 минути)	**ТРАНФОРМИРАЊЕ НА ЗАЕМ ВО ВЛОГ: ВЛИЈАНИЈА ВРЗ БИЛАНСНИТЕ ПОЗИЦИИ НА ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ** • Економски причини за трансформирање на заем во влог • Правна процедура, логистика и реализација на трансформирањето на заем во влог • Трансформирање на заем во влог даден од содружник или инвеститор кај ДОО • Трансформирање на дополни доплати во влог • Трансформирање на заем во влог кај акционерско друштво • Зголемување на основната главнина по основ на трансформација • Сметководствена евиденција и билансна рамнотежа на трансформацијата • Даночни аспекти на трансформирањето на заем во влог	Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ М-р Павле ГАЦОВ **0,5 КПУ час**
Од 12:40 до 13:00 (траење: 20 минути)	**ПАУЗА**	

СМЕТКОВОДСТВО, МСС, МСФИ, ФИНАНСИИ, ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА И СО НИВ ПОВРЗАНИ ЗНАЕЊА		**1,5 КПУ часови**
Од 13:00 до 14:00 (траење: 60 минути)	**ГРАДЕЖНА ДЕЈНОСТ - СМЕТКОВОДСТВЕН И ДАНОЧЕН ТРЕТМАН** • Специфики и разлики на работење по договори за изградба и сопствено градежно производство • Признавање на приходите во градежништвото во согласност со МСФИ 15 • Промет на добра од градежна дејност (за деловни објекти / станбени единици) • Промет на услуги од градежна дејност (за деловни објекти / станбени единици) • Пренесување на обврската за ДДВ кон примателот на градежниот промет • Место на промет на градежни услуги и услуги поврзани со недвижности • Деллив промет во градежништвото • Авансирање на градежни работи • Соинвеститорство (заедничка градба) • Третман на претходниот данок во градежништвото	Д-р Рефика МУРИЌ **1,5 КПУ час**
ОРГАНИЗАЦИСКИ И ДЕЛОВНИ ЗНАЕЊА И КОРПОРАТИВНО ПРАВО		**1 ,5 КПУ час**
Од 14:00 до 15:00 (траење: 60 минути)	**ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ: ФОРМИ НА ПРОМЕНА НА ДОЛЖНИК ВО ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ** • Причини за преземање на долг • Договор за преземање на долг • Пристапување кон туѓ долг (договор меѓу доверител и трето лице) • Преземање на исполнување на туѓ долг (договор меѓу должник и трето лице) • Значење на согласноста на доверителот за преземање на долг од страна на трето лице • Ослободување од обврската - дејство на преземањето на долг • Статус на субјекти со блокирани сметки при пресметковните начини на плаќање	Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ **1,5 КПУ час**

СМЕТКОВОДСТВО, МСС, МСФИ, ФИНАНСИИ, ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА И СО НИВ ПОВРЗАНИ ЗНАЕЊА		1 КПУ час
Од 15:00 до 15:40 (траење: 40 минути)	**СМЕТКОВОДСТВЕН И ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА СОФТВЕРИ И СОФТВЕРСКИ УСЛУГИ** • Сметководствен третман на софтверот и софтверските услуги • Софтвер во прометот, како услуга и како производ • Ставањето на располагање на стандардизиран и нестандардизиран софтвер • Повластен даночен третман за изработка на софтвер и за софтверски услуги • Посебен третман на консалтинг и технички услуги поврзани со софтверот • Одржување и изнајмување на софтвер (софтвер како услуга - „SaaS“) • Место на оданочување на испораката на софтверот и на софтверските услуги • Нерезидент - корисникот на софтверска услуга од резидент • Резидент - корисник на софтверска услуга добиена од нерезидент (со осврт за набавката на софтвери и софтверски услуги кај буџетски корисници и друг непрофитен сектор)	Д-р Рефика МУРИЌ **1 КПУ час**

ВТОР ДЕН

Тајминг	Т Е М И	Предавачи и број на КПУ часови
ОРГАНИЗАЦИСКИ И ДЕЛОВНИ ЗНАЕЊА И КОРПОРАТИВНО ПРАВО		**1 КПУ час**
Од 10:00 до 10:40 (траење: 40 минути)	**РАБОТНИ ОДНОСИ: РАБОТА ОД ДОМА - „HOME OFFICE”** • Актуелни состојби: Враќање во физичка канцеларија ИЛИ работење од виртуелна канцеларија • Специфики на договорот за вработување со работење од дома • Хибриден модел на договорот за вработување • Права и обврски на договорните страни при работење од дома • Нужно уредување на заштита и безбедност при работа • Надоместување на трошоците за употреба на средства за работа на работникот и за приватните режиски трошоци • Даночен третман на расходите за работење од дома • Практичен пример на договор за вработување со работење од дома	Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ **1 КПУ час**

ДАНОЦИ И ДАНОЧЕН СИСТЕМ		3 КПУ часови
Од 10:40 до 12:00 (траење: 80 минути)	**СПЕЦИФИЧНИ ОСНОВИЦИ ЗА ДДВ** • Оданочување за добра од имот на даночен обврзник, земени за лични потреби • Оданочување за користење на добра и вршење услуги за лични потреби • Повластен промет на добра/услуги спрема сопственици на влог, вработени и спрема нив блиски лица, оданочив на „минимална даночна основа“ • Пресметка во фактури за отстапување на привремен агенциски работник • Даночна основа при размена на добра и услуги • Основица за промет остварен по пат на лицитација • Основици за оданочување при присилно извршување - Оданочување на промет на употребувани добра • Промет на увезени употребувани патнички моторни возила извршен во рок од три години од денот на увозот	Д-р Рефика МУРИЌ **2 КПУ час**
Од 12:00 до 12:40 (траење: 40 минути)	**ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД - ОДАНОЧУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ** • Капитални добивки Vs Капитални загуби: Даночни погодности за избрани капитални загуби • Оданочување на капиталните добивки од недвижен имот • Оданочување на капиталните добивки од продажба на учество во капиталот, подвижен имот и нематеријален имот • Оданочување на капитални добивки што од продажба на: а) хартии од вредност и б) удели издадени од инвестициски фонд	М-р Павле ГАЦОВ **1 КПУ час**
Од 12:40 до 13:00 (траење: 20 минути)	**ПАУЗА**	
СМЕТКОВОДСТВО, МСС, МСФИ, ФИНАНСИИ, ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА И СО НИВ ПОВРЗАНИ ЗНАЕЊА		**1 КПУ час**
Од 13:00 до 14:00 (траење: 60 минути)	**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕФАКТУРИРАЊА (ПРОМЕТ И ПРООДНА СТАВКА)** • Економика на префактурирањата • Префактурирање на трошок платен во туѓо име и за туѓа сметка • Правни односи меѓу лице задолжено за плаќање и примател на плаќање • Префактурирања врз основа на договор за закуп • Префактурирања врз основа на договори за посредување • Префактурирања на такси и други јавни давачки • Префактурирања на издатоци за организиран настан • Сметководствена и даночна евиденција на префактурирани промети	Д-р Рефика МУРИЌ **1 КПУ час**

ОРГАНИЗАЦИСКИ И ДЕЛОВНИ ЗНАЕЊА И КОРПОРАТИВНО ПРАВО		**1 КПУ час**
Од 14:00 до 14:20 (траење: 20 минути)	**РАБОТНИ ОДНОСИ: МИРУВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС** • Случаи на мирување на работен однос • Права и обврски од работен однос за време на мирување • Формален аспект на мирувањето на работен однос (правно значење и постапка пред АВРМ) • Повторно активирање на работниот однос - рок за враќање на работа • Неплатено отсуство и неплатено родителско отсуство (случаи и услови за користење)	Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ **0,5 КПУ час**
Од 14:20 до 14:40 (траење: 20 минути)	**РАБОТНИ ОДНОСИ: МЕРКИ ПРИ ЗАТЕКНУВАЊЕ НА РАБОТА НЕПРИЈАВЕНО ЛИЦЕ** • Надлежни инспекции за контрола • Налог за вработување на затечените или други лица • Забрана за намалување на бројот на вработени • Забрана на работа на работодавачот • Издавање на прекршочен платен налог • Поведување на прекршочна постапка	Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ **0,5 КПУ час**
СМЕТКОВОДСТВО, МСС, МСФИ, ФИНАНСИИ, ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА И СО НИВ ПОВРЗАНИ ЗНАЕЊА		**1 КПУ час**
Од 14:40 до 15:20 (траење: 40 минути)	**ИЗБРАНИ ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ ОД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРАКСА** • Економика, евиденција и даночни последици од поништени промети на добра • Економика, евиденција и даночни последици од промет на употребувани возила • Евиденција и даночен третман на промети за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого се извршени промети од страна на друг даночен обврзник • Економика, евиденција и даночни последици од промети на услуги примени од странски субјекти	Д-р Рефика МУРИЌ **1 КПУ час**
ДАНОЦИ И ДАНОЧЕН СИСТЕМ		**1 КПУ час**
Од 15:20 до 15:40 (траење: 20 минути)	**ЕВИДЕНЦИИ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА** • Евиденции на месечните аконтации на данок на добивка • Евиденции на обврската по Даночниот биланс и заклучни евиденции: Даночна обврска Vs Даночно побарување во „ДБ“ • Посебности за аконтацијата за месец декември платена во месец јануари следната година • Кои аконтации се сметаат за платени и се одбитна ставка во Даночниот биланс • Старт на пресметка на месечната аконтација од новата даночна основа за данокот на добивка • Плаќање или мирување на месечните аконтации во услови на претплата по „ДБ“ • Менување на даночната основица во текот на годината - можност или фикција ?	М-р Павле ГАЦОВ **1 КПУ час**

- Предавачи:

М-р Павле ГАЦОВ, Д-р Рефика МУРИЌ и Данијела ЈАЌИМОВИЌ, дипл. правник со ППИ

Темите се групирани според содржината на Годишната Програма за КПУ за 2025 година на ИСОС.

Од организациски причини, тајмингот и редоследот на темите на денот на обуката може да се менува.

Секој посетител на online КПУ обуки ќе добие Прирачник за КПУ во електронска форма. Посетителите на КПУ обуката со физичко присуство ќе добијат Прирачник за КПУ во печатена форма. Регистрацијата за КПУ обуките се врши преку www.nov.proagens.mk или преку пополнета форма на Пријава пратена преку електронска пошта (мејл).

Пријавување и регистрација:	9:30 - 10:00
Времетраење на КПУ обуката:	**10:00 - 15:40**
Пауза:	12:40 - 13:00

Надоместот за КПУ обуката изнесува **4.000** МКД (без вклучен ДДВ).
Пресметаното ДДВ за дводневната обука во Македонија е со право на одбивка.

Плаќањето се врши задолжително однапред на сметката на Про Агенс: **210 050 39 40 101 43** (со повикување на шифра: **25-2-16**.

Информации: 02/3 298 764 и 02/3 162 979; 071 503 674 и 070 248 029